# „Изработка на Регионален план со десет општински планови за интегрирано управување со отпад во Југоисточниот плански регион“




Сите десет општини во Југоисточниот регион имаат некаква форма на организирана услуга за управување со цврст отпад. Важно што треба да се напомене е дека услугите за управување со отпад на општинските комунални претпријатија се концентрирани на комуналниот цврст отпад, кои во согласно со сите национални програми, стратегии и решенија упатуваат на тоа дека управувањето со отпад ги опфаќа сите видови на отпад што се создаваат од домаќинствата, индустрискиот, градежниот шут, земјоделскиот, медицинскиот отпад.

Согласно со законските решенија  за управување со отпад, регионот е должен да има донесено десетгодишен Регионален план за управување со отпад, што ќе се однесува за сите видови на отпад, начинот и чистотата на собирање на отпадот, транспортирање и одлагање на самиот отпад.

Изработените планови (Регионалниот и Општинските) треба  да се усвојат од страна на општинските Совети по претходна согласност од државниот орган за управување со отпад.

**Краток преглед на проектот:**

**Носител на проектот:**
- Центар за развој на Југоисточниот плански регион

**Проектни партнери:**
- Општина Богданци
- Општина Босилово
- Општина Валандово
- Општина Василево
- Општина Гевгелија
- Општина Дојран
- Општина Конче
- Општина Ново Село
- Општина Радовиш
- Општина Струмица

**Времетраење:**
8 месеци

**Финансиран од:**
- Министерство за локална самоуправа – Биро за рамномерен регионален развој
- Сите општини во Југоисточниот плански регион

**Цел на проектот:**
Подобрување на условите на животната средина и заштита на природните ресурси, подобрување на собирањето, транспортирањето на отпад и воведување на практики за одлагање на отпадот, како и санација на постојните општински и селски диви депонии.

**Контакт: Ристо Чивчиев**
Ул. Боро Џони Бр. 10
2400 Струмица
Моб. 070/238-949
Тел./Факс 034/ 340-139
E-mail: risto.chivchiev@rdc.mk



**Цели на проектот**

- Изработка на Регионален план за управување со отпад за периодот 2017 – 2026 година;
- Изработка на петтогодишна Програма за регионално управување со отпад 2017-2021 година;
- Изработка на 10 (десет) општински Планови за управување со отпад 2017-2021 година;
- Изработка на 10 (десет) едногодишни Програми за управување со отпад (2017 година).

**Очекувани резултати**

- Извештај за имплементирање на проектот;
- Склучен договор за јавна набавка;
- Изработен Регионален план за управување со отпад во Југоисточниот плански регион 2017-2021 година;
- Изработени десет едногодишни програми за управување со отпад;
- Согласност од МЖСПП;
- Одлуки за усвоени планови и програми од општините.